Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 282//0306
13.06 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 05.06.2025 година, врз основа на примена жалба од градоначалничката на Град Скопје **Данела Арсовска,** го донесе следново мислење:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Нова пролет, стари проблеми во Скопје на чело со Арсовска“**, објавен од онлајн медиумот Скопјеинфо.мк (skopjeinfo.mk) на 05.05.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 06.05.2025 г., упати жалба за текстот **„Нова пролет, стари проблеми во Скопје на чело со Арсовска“**, објавен од онлајн медиумот Скопјеинфо.мк (skopjeinfo.mk) на 05.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на незастапена втора страна и на мешање факти и мислења, вест со коментар, нарушување на приватност и друго“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Содржината во горенаведениот текст е неточна, манипулативна и тенденциозна бидејќи Град Скопје нема надлежност да врши дезинфекција и дератизација на неговата територија. Во Законот за Град Скопје прецизно е утврдено чии се надлежностите, а тоа се десетте општини во Град Скопје, надлежни за дератизација и дезинфекција на населените места на својата територија односно општините во Градот Скопје се надлежни да постапуваат во случаи со змии, други влекачи или глодари... До порталот е поднесен демант и барање за јавно извинување кое чекаме дали ќе биде објавено.“

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Нова пролет, стари проблеми во Скопје на чело со Арсовска“**, објавен од онлајн медиумот Скопјеинфо.мк (skopjeinfo.mk) на 05.05.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој се занимава со проблемот на дезинфекција и дератизација во Скопје, што е прашање од јавен интерес.

Комисијата констатираше дека текстот е едностран и наведувачки уште од насловот. Комисијата утврди дека медиумот пишувал на оваа тема ден претходно, а во врска со посочената објава во претставката, веднаш донел заклучок и пласирал обвинување уште во насловот. Во текстот не може да се види дека е побарана втора страна, ниту од Град Скопје, поточно од градоначалничката Данела Арсовска која директно се споменува дека е виновна за негативностите во Градот со појава на змии поради неискосена трва на јавните површини, ниту пак од општините во градот или некој друг извор. Притоа, ни самото тврдење за појава на змии не може да се потврди со сигурност, бидејќи медиумот користи анонимни извори, кои се дозволени според Кодексот, но само под одредени услови.

Како обид за прикажување втора страна во текстот, се посочуваат неажурираните страници на Град Скопје на Интернет и на Фејсбук, во поглед на информации за дератизација. Сепак, медиумот доколку се потрудил да се информира од што е можно повеќе извори, ќе дошол до сознание дека дератизацијата не е надлежност на Градот, туку на општините, како што наведува и жалителката во својата претставка до СЕММ.

Освен ова, Комисијата утврди дека медиумот не го објавил демантот и барањето за извинување од страна на жалителката, со што дополнително направил прекршување на Кодексот на новинари.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот кои ги регулираат овие прашања:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595